За економски развој на нашата општина како и за привлекување на странски и домашни компании и за условите кои ги нуди нашата општина , градоначалникот, оствари работна средба со претставници на Германската фирма АРЛ Про Гмбх и ФОНС Гмбх, во присуство на претставници на стопанската комора за енергетика во Р.С.Македонија, фирми што се занимаваат со меѓудисциплинска инженерска наука со делотворно, безбедно, еколошки безбедно и економски исплатливо добивање, претворање, пренос, складирање и искористување на енергија.
Истите се за заинтересирани за вложување во обновливи извори на енергија со поставување на фотоволтаични панели во индустриската зона во општина Лозово.
Интересот е взаемен и се надеваме на успешна соработка во текот на наредниот период.





